PHILIPS

DAB+радио

M2505

# Корисничко упатство




Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на

Www.philips.com/support

# Содржина


1 Важно ..... 2
Безбедност ..... 2
Известување ..... 2

2 Вашиот Bluetooth звучник ..... 4
Преглед на главната единица ..... 4
Што има во кутијата ..... 4
Вовед ..... 4
Преглед на далечинскиот управувач ..... 5

3 Почетни чекори ..... 6
Поврзување на радиоантена ..... 6
Поврзување со напојување ..... 6
Поставување на вашиот производ ..... 6
Подготвување на далечинскиот управувач ..... 6
Вклучување ..... 7
Поставување часовник со користење на далечински управувач ..... 7

4 Репродукција ..... 7
Репродуцирање од уреди со овозможен Bluetooth ..... 7
Спарување и поврзување втор уред ..... 8

5 Слушање радио ..... 8
Слушање DAB+ радио ..... 8
Слушање FM радио ..... 9

6 Прилагодување звук ..... 10

7 Други карактеристики ..... 10
Поставување тајмер за аларм ..... 10
Поставување тајмер за спиење ..... 10
Слушање на надворешен уред ..... 10

8 Информации за производот ..... 11

9 Решавање проблеми ..... 12

# 1 Важно

## Безбедност




Оваа „молња“ укажува дека неизолиран материјал во рамките на уредот може да предизвика струен удар. За безбедност на сите во домот, не вадете го капакот. „Извичникот“ повикува на внимание за карактеристики за кои треба да ја прочитате непосредно приложената литература за да спречите проблеми со работењето и одржувањето.
**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** За да се намали ризикот од пожар или струен удар, уредот не треба да се изложува на дожд или влага и предмети исполнети со течности како што се вази не треба да се ставаат на овој апарат.
**ВНИМАНИЕ:** За да се спречи струен удар, целосно ставете го приклучокот. (За региони со поларизирани приклучоци: за да се спречи струен удар, соодветно ставете ја широката игличка во широкиот отвор.)

**Предупредување**

- Никогаш не вадете го куќиштето на овој апарат.
- Никогаш не подмачкувајте ниту еден дел од овој апарат.
- Никогаш не гледајте во ласерскиот зрак внатре во апаратот.
- Никогаш не поставувајте го овој апарат над друга електрична опрема.
- Чувајте го апаратот подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.
- Уверете се дека секогаш имате лесен пристап до кабелот за електрично напојување, приклучокот или адаптерот за да го исклучите апаратот од електрично напојување.

- Уредот не треба да биде изложен на капење или прскање.
- Не ставајте никаков извор на опасност врз уредот (на пр. предмети наполнети со течност, запалени свеќи).
- Таму каде што електричниот кабел или приклучок на апаратот се користи како уред за исклучување, уредот за исклучување треба да остане лесно пристапен и употреблив.
- Уверете се дека има доволно слободен простор околу производот за вентилација.
- ВНИМАНИЕ при користење батерии -за да спречите истекување на батериите што може да доведе до телесна повреда, штета на имот или штета на единицата:
  - инсталирајте ги сите батерии правилно, + и - како што е означено на единицата.
  - Батериите (пакувани или инсталирани) не треба да се изложуваат на прекумерна топлина како што е сончева светлина, оган и слично.
  - Извадете ги батериите кога единицата не се користи долго време.
  - Користете само додатоци/прибор наведени од производителот.

**Внимание**

- За да се избегне оштетување на слухот, ограничете го времето на користење на слушалките со голема јачина на звук и поставете ја јачината на звук на безбедно ниво. Колку е поголема јачината на звук, толку пократко е времето на безбедно слушање.

### Заштита на слух

Уверете се дека ги почитувате следните упатства кога ги користите слушалките.
- Слушајте на разумни јачини на звук, во разумно времетраење.
- Внимавајте да не ја прилагодувате јачината на звук како што ќе се навикнувате на слушањето.
- Не пуштајте ја јачината на звук толку силно за да не можете да слушате што се случува околу вас.
- Треба да користите внимателно или повремено да го прекинувате користењето во потенцијално опасни ситуации.
- Прекумерниот звучен притисок од слушалките може да предизвика загуба на слух.

## Известување

Сите промени или измени направени на овој уред што не се изрично дозволени од MMD HongKong Holding Limited може да го поништат овластувањето на корисникот да работи со опремата.

### Изјава за усогласеност

Со ова, MMD HongKong Holding Limited изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни одредби од Директивата 2014/53/EU. Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

### Грижа за животната средина

**Фрлање на вашиот стар производ и батерија**



Вашиот производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.



Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен од Европската Директива 2012/19/EU.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската Директива 2013/56/EU кои не може да се фрлаат со обичен отпад од домаќинството.

Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите со обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

**Вадење на батериите за фрлање**
Да ги извадите батериите за фрлање, видете го делот инсталирање на батерија.

## Информации за животната средина

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (заштитник) и полиетилен (торбички, лист од заштитна пена)
Вашиот систем содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлањето на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

Логотипот и логото Bluetooth® се регистрирани трговски заштитни марки во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на таквите ознаки од MMD Hong Kong Holding Limited е лиценцирана.

Правење на неовластени копии на материјали заштитени од копирање, вклучувајќи компјутерски програми, датотеки, емитување програми и снимки на звук може да биде прекршок на авторските права и да претставува кривичен прекршок. Оваа опрема не треба да се користи за такви цели.

**Напомена**

- Отпечатената плоча се наоѓа на задната страна од уредот.

# 2 Вашиот Bluetooth звучник

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосна корист од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/support.

## Преглед на главната единица




1. ИЦ сензор
2. ЛЕД индикатор
   - Индикатор за подготвеност: станува црвен кога производот се префрла во подготвеност.
3. Екран
   - Покажува тековен статус.
4. ⏻
   - Го вклучува овој производ или го става во подготвеност.
5. ⇥ **/ СПАРУВАЊЕ**
   - Притиснете да изберете извор: FM, DAB+, AUDIO IN, BT.
   - Во режим на Bluetooth, притиснете и задржете повеќе од 2 секунди да влезете во режим на спарување.
6. 🎧
   - Приклучок за слушалки.
7. ◀ и ▶
   - Прескокнување на претходна/следна нумера.
   - Пребарување за радиостаници
   - Прилагодување време.
8. **SCAN / OK**
   - DAB+ или FM станица и скенирање избор; и потврдување.
9. **MENU / INFO**
   - Влегување или излегување од DAB+ мени.

## Што има во кутијата

Проверете ја и одредете ја содржината на вашето пакување:
- Главна единица
- Држач за на маса
- 1 X адаптер за напојување со наизменична струја
- 1 x радио антена
- Далечински управувач (со 2 X AAA батерии)
- Печатени материјали

## Вовед

Со оваа единица, вие ќе можете да:
- уживате во аудио од Bluetooth уреди и други надворешни уреди;
- слушате FM радио и радио со дигитално аудио емитување+ (DAB+)







10. **- VOLUME** и **VOLUME +**
    - Прилагодување на јачина на звук.
11. **Preset**
    - Избирање меморирана радиостаница или DAB+ станица
12. **ANT**
    - Поврзување со доставената радиоантена.
13. **AUX IN**
    - Поврзување надворешни аудио уреди.
14. **DC IN** приклучок
    - Поврзување со доставениот адаптер за електрично напојување.

# Преглед на далечинскиот управувач




1. 
   - Го вклучува овој производ или го става во подготвеност.
2. 

   - Избирање FM или DAB+ извор.
3. 

   - Избирање FM станица.
   - Избирање DAB+ станица.
   - Програмирање радиостаници.
   - Автоматско зачувување радиостаници.
   - Прилагодување на јачина на звук.
4. 

   - Избирање меморирана радиостаница.
5. 

   - Прикажување информации за репродукцијата или информации за радиоуслугата.
6. 

   - Поставување тајмер за спиење.
   - Поставување тајмер за аларм.
7. 

   - Поставување на часовникот.
   - Прегледување на информации за часовник.
8. 
   - Исклучува звук или ја обновува јачината на звук.
9. SOUND/DBB
   - Избирање мемориран звучен ефект
10. AUX IN
    - Избирање AUX IN извор
11. 

    - Избирање Bluetooth извор
    - Во режим на Bluetooth, притиснете и задржете повеќе од 2 секунди да влезете во режим на спарување

# 3 Почетни чекори

> **Внимание**
>
> - Употребата на контроли или прилагодувања или извршување на постапки поинакви од именуваните може да доведат до штетно изложување на зрачење или други небезбедни операции.

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје еднодподруго.
Доколку контактирате со Philips, од вас ќе се побара моделот и сериският број на звучникот. Бројот на модел и сериският број се на задниот дел од звучникот. Запишете ги броевите овде:
Број на модел __________________________
Сериски број __________________________

## Поврзување на радиоантена

Поврзете ја доставената радиоантена на овој производ пред да слушате радио




## Поврзување со напојување

Поврзете го кабелот за електрично напојување со ѕиден приклучок.




> **Внимание**
>
> - Ризик од оштетување на производот! Уверете се дека напонот за електрично напојување одговара на напонот отпечатен на задната и долната страна на единицата.
> - Ризик од струен удар! Пред да го вклучите адаптерот за наизменично електрично напојување, уверете се дека конвертерот на приклучокот на адаптерот е цврсто поставен. Кога го исклучувате адаптерот за наизменична струја, секогаш влечете го приклучокот од приклучницата, никогаш кабелот.
> - Пред поврзувањето на адаптерот за наизменично напојување, уверете се дека сте ги завршиле сите други поврзувања.

## Поставување на вашиот производ

Пред да го поставите производот на масата, поставете го доставениот држач за на маса на главната единица, како што е илустрирано подолу.

Совет: Видете го листот за монтирање на ѕид во дополнение за да видите како да го монтирате производот на ѕид.



## Подготвување на далечинскиот управувач

> **Внимание**
>
> - Ризик од оштетување на производот! Кога далкечинскиот управувач не се користи долго време, извадете ги батериите.
> - Батериите содржат хемиски супстанции, затоа тие треба правилно да се фрлат.

За да ставите батерии во далечинскиот управувач:



1. Отворете го делот за батерии.



2. Ставете ги доставените AAA батерии со точниот поларитет (+/-) како што е наведено.



3. Затворете го делот за батерии.

## Вклучување

Притиснете ⏻
- производот се префрла на последниот избран извор.

### Префрлање на режим на подготвеност

Притиснете и задржете ⏻ повторно да го префрлите производот во подготвеност без прикажување часовник или во подготвеност со часовник.
- Црвениот индикатор за подготвеност се вклучува.

**Напомена**

- Производот се префрла во режим на подготвеност по 15 минути неактивност.

## Поставување часовник со користење на далечински управувач

1. Во режим на подготвеност, притиснете и задржете CLOCK повеќе од 2 секунди за да влезете во режим на поставување часовник.
   - или се прикажува.
2. Притиснете ◀ ▶ да изберете [24H] или [12H] формат на час, а потоа притиснете CLOCK да потврдите.
   - Бројките за час почнуваат да трепкаат.
3. Притиснете ◀ ▶ да поставите час, а потоа притиснете да потврдите.
   - Бројките за минути почнуваат да трепкаат.
4. Притиснете ◀ ▶ да поставите минути, а потоа притиснете CLOCK да потврдите.
   - Часовникот е поставен.

**Напомена**

- За да видите CLOCK во режим на вклученост, кратко притиснете
- Ако прикажувањето часовник е вклучено или во подготвеност, се зголемува потрошувачката на енергија.

# 4 Репродукција

**Напомена**

- Компатибилност со сите Bluetooth уреди не е гарантирана.
- Секоја пречка помеѓу единицата и уредот може да го намали оперативниот опсег.
- Ефективниот оперативен опсег помеѓу оваа единица и уредот со овозможен Bluetooth е приближно 10 метри (30 стапки)
- Единицата може да запамети до 8 претходно поврзани Bluetooth уреди.

## Репродуцирање од уреди со овозможен Bluetooth

1. Притиснете PAIR да изберете Bluetooth извор со користење на далечинскиот управувач.
   - Се прикажува **[BT]**.
   - PAIR на екранот светка.
2. На вашиот уред кој поддржува Профил за напредна аудио дистрибуција (A2DP), овозможете Bluetooth и пребарајте за Bluetooth уреди што може да бидат спарени (погледнете го корисничкото упатство за уредот).
3. Изберете „**Philips M2505**" на вашиот уред со овозможен Bluetooth и ако е неопходно внесете '0000' како лозинка за спарување.
   - Ако не успеете да пребарате за „**Philips M2505**" или не можете да го спарите со овој производ, притиснете и задржете **PAIRING (СПАРУВАЊЕ)** повеќе од 2 секунди за да влезете во режим на спарување.
   - По успешното спарување и поврзување, PAIR се вклучува постојано на дисплејот и звукот за потврдување.
4. Репродуцирање аудио на поврзаниот уред.
   - Аудиото се пренесува од вашиот Bluetooth овозможен уред на производот.

За исклучување Bluetooth-овозможен уред:
- деактивирајте Bluetooth на вашиот уред.

## Спарување и поврзување втор уред

Може да спарите и активно да поврзете максимум два Bluetooth овозможени уреди на овој производ во исто време.

1. Во режим на Bluetooth, [PAUSE] првиот поврзан уред.
2. Вклучете ја функцијата Bluetooth на вториот уред.
3. Пребарајте и изберете ја функцијата Bluetooth [Philips M2505] на вториот уред. Пребарајте и изберете Bluetooth функција на вториот уред да се поврзе.
4. За да се репродуцира музика на вториот уред, првиот уред мора да [PAUSE]

### За да поврзете и репродуцирате од трет уред со овозможен Bluetooth

- Притиснете и задржете **PAIRING (СПАРУВАЊЕ)** подолго од 2 секунди да влезете во режим на спарување.
  - Првиот поврзан уред или уредот кој не репродуцира музика е исклучен.

# 5 Слушање радио

**Напомена**

- Поставете ја антената колку што е можно подалеку од ТВ или друг извор на зрачење.
- За оптимален прием, целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антена.

Со овој производ, може да слушате DAB+ радио и FM радио.

## Слушање DAB+ радио

Дигитално аудио емитување+ (DAB+) е начин на дигитално емитување радио преку мрежа на емитери. Ви обезбедува повеќе можности, подобар квалитет на звук и повеќе информации.

**Напомена**

- Нови станици и услуги се додаваат на DAB+ емитување од време на време. За да станат новите DAB+ станици и услуги достапни, редовно извршувајте скенирање.

### Автоматско зачувување DAB+ радиостаници

1. Неколку пати притиснете **DAB/FM** да изберете DAB+ извор.
   - Ако влегувате во DAB+ извор за прв пат или нема складирано DAB+ услуга, притиснете го копчето **[SCAN/OK]** да го активирате режимот на програма.
2. Притиснете и задржете **[SCAN/OK]** повеќе од секунди.
   - Производот ги скенира и ги зачувува сите DAB+ радиостаници автоматски.
   - По скенирањето, се емитува првата достапна станица.

### Избирање DAB+ радиостаница

Откако DAB+ радиостаниците се скенирани и зачувани, притиснете ◀ / ▶ да изберете DAB+ станица.

### Рачно зачувување DAB+ радиостаници

1. Притиснете **DAB/FM** да изберете DAB+ радиостаници.
2. Притиснете и задржете 2 секунди **[PRESET]** да го активирате режимот на програма.

3. Притиснете ◀ / ▶ да доделите број од 1-20 на оваа радиостаница, а потоа притиснете **[PRESET]** да потврдите.
4. Повторете ги чекорите 1-3 да програмирате уште станици. Да изберете меморирана DAB+ радиостаница: во режим DAB+, притиснете ◀ / ▶.

### Екран за избор и информации во мени DAB+

1. Во режим DAB+, притиснете **MENU / INFO** 2 секунди да пристапите до менито DAB+.
2. Притиснете ◀ / ▶ да префрлате помеѓу опциите на менито.

| | |
|---|---|
| **[SCAN]:** | Скенира и ги зачувува сите достапни радиостаници DAB+. |
| **[MANUAL]:** | Рачно пребарување за DAB+ станица. |
| **[PRUNE]:** | Отстранува неважечки станици од листата на станици. |
| **[SYSTEM]:** | Прилагодување на системски поставки. |

3. Да изберете опција, притиснете **SCAN / OK**.
4. Ако е достапна подопција, повторете ги чекорите 2-3.
   • Да излезете од менито, повторно притиснете **MENU / INFO**.

Подмени **[SYSTEM]** (систем)
- **[RESET]** (ресетирање): ги ресетира сите поставки на фабрички вредности.
- **[SW VER]** (верзија на софтвер): ја покажува верзијата на софтвер на овој производ.

### Прикажување информации за DAB+

Додека слушате DAB+ радио, притиснете неколку пати **MENU / INFO** да се прикажат различни информации (доколку се достапни), како што се фреквенција, јачина на сигнал, време и сл.

## Слушање FM радио

Пребарување за FM радиостаница

1. Притиснете **DAB/FM** да изберете FM радиостаница.
2. Притиснете и задржете ◀ / ▶ или повеќе од 2 секунди.
   - Радиото автоматски пребарува за станица со силен прием.
3. Повторете го чекор 2 да пребарувате за повеќе станици.

За да пребарувате послаба станица: Притиснете неколку пати ◀ / ▶ додека не го најдете оптималниот прием.

### Автоматско зачувување FM радиостаници

**Напомена**

- Може да зачувате максимум 20 FM радиостаници.

1. Неколку пати притиснете **DAB/FM** да изберете FM извор.
2. Притиснете и задржите **SCAN/OK** повеќе од 2 секунди.
   - Сите достапни станици се програмирани според силата на приемот на радиобрановите.
   - Првата програмирана радиостаница се емитува автоматски.

### Рачно зачувување FM радио станици

1. Пребарување за FM радиостаница.
2. Притиснете и задржете **[PRESET]** 2 секунди **[P01]** се прикажува.
3. Притиснете ◀ / ▶ да доделите број од 1-20 на оваа радиостаница, а потоа притиснете **[PRESET]** да потврдите **[STORED]** се прикажува.
4. Повторете ги чекорите 1-3 да програмирате уште станици.

**Напомена**

- За пребришување на програмирана станица, меморирајте друга станица на нејзино место.

### Избирање меморирана FM радиостаница

Во FM режим, притиснете **[PRESET]** и притиснете ◀ / ▶ да изберете мемориран број, па притиснете [OK/SCAN].

• Додека слушате FM радио, може да притиснете SCAN/OK да префрлате помеѓу стерео и моно звук.

### Прикажување RDS информации

RDS (Систем за радио податоци) е услуга што овозможува FM станиците да прикажуваат дополнителни информации.

1. Пребарување за FM радиостаница.
2. Неколку пати притиснете **MENU/INFO** да се прикажат различни RDS информации (ако е применливо), како што е име на станица, вид на програма, време и сл.

# 6 Прилагодување звук

Следниве операции се применливи за сите поддржани медиуми.

### Избирање мемориран звучен ефект

- Неколку пати притиснете **SOUND** да изберете предодреден звучен ефект.

### Прилагодување ниво на јачина на звук

- На далечинскиот управувач, неколку пати притиснете ▲ / ▼ (јачина на звук).

### Исклучување звук

- Притиснете 🔇 да исклучите или да вклучите звук.

# 7 Други карактеристики

## Поставување тајмер за аларм

Овој производ може да се користи како часовник со аларм.

**Напомена**

- Тајмерот за аларм не е достапен во **AUX IN** режим.

1. Уверете се дека сте го поставиле часовникот.
2. Во режим на подготвеност, притиснете и задржете TIMER zZ повеќе од 2 секунди.
   - Бројките за час трепкаат.
3. Неколку пати притиснете ◀ / ▶ да поставите час, а потоа притиснете TIMER zZ да потврдите.
   - Бројките за минути трепкаат.
4. Притиснете ◀ / ▶ да поставите минути, а потоа притиснете TIMER zZ да потврдите.
   - Последниот избран извор за аларм трепка.
5. Притиснете ◀ / ▶ да изберете извор на аларм (FM или DAB+ радио, BT, Зујалка), а потоа притиснете TIMER zZ да потврдите.
   - XX трепка (XX укажува на нивото на јачина на звук на аларм).
6. Притиснете ◀ / ▶ да поставите јачина на звук на аларм, а потоа притиснете TIMER zZ да потврдите.

### Активирање/деактивирање тајмер за аларм

Во режим на подготвеност, неколку пати притиснете TIMER zZ да активирате или деактивирате тајмер.

- Ако тајмерот е активиран, се прикажува ⏲.
  - Во подготвеност, може да притиснете и задржите ⏻ да префрлате помеѓу вклучен или исклучен екран на часовник.

## Поставување тајмер за спиење

Овој музички систем може автоматски да се префрли во подготвеност по одреден период на време.

- Кога е вклучен музичкиот систем, неколку пати притиснете TIMER zZ да изберете одреден временски период (во минути).
  - Кога е активиран тајмерот за спиење, се прикажува zZ.

За деактивирање тајмер за спиење

- Притиснете неколку пати TIMER zZ додека не се прикаже (sleep off).
  - Кога е деактивиран тајмерот за спиење, zZ исчезнува.

## Слушање на надворешен уред

Може да слушате на надворешен уред преку оваа единица со кабел за поврзување MP3.

1. Поврзете кабел за поврзување MP3 (не е доставен) помеѓу:
   - **AUX IN** приклучок (3,5 mm) на производот,
   - и приклучокот за слушалки на надворешен уред.
2. Неколку пати притиснете **AUX IN** да изберете AUDIO IN извор.
3. Започнување репродукција на уредот (видете го корисничкото упатство за уредот).

# 8 Информации за производот

**Напомена**

- Информациите за производот се предмет на промена без претходно известување.

| | |
|---|---|
| Рангирана излезна моќност (засилувач). | Вкупно 10 W (макс.) |
| Акустички фреквенциски одговор: | 63 Hz - 20 kHz |
| Двигател на звучник: | 2 x 2,75" целосен опсег, 6 Ω |
| Бас засилување: | 2 x порта за бас |
| Верзија на Bluetooth: | V4.2 |
| Фреквенциски опсег на Bluetooth/Излезна моќност: | 2,402 GHz ~ 2,480 GHz ISM Banc ≤ 4 dBm (Класа 2) |
| Фреквенциски опсег на пребарувач: 240 MHz | FM: 87,5 - 108 MHz ; DAB: 170 - 240 MHz |
| Меморирани станици: | 20 |
| AUX IN влезно ниво: | 1000 mV RMS |
| Слушалки: | 3,5 mm приклучок |

## Напојување

| | |
|---|---|
| Модел (оригинален Philips адаптер за наизменично електрично напојување): | AS190-090-AD190 |
| Влез: | 100-240 V~, 50/60 Hz, 0,7 A |
| Излез: | DC 9,0 V, 1,9 A |
| Потрошувачка на електрична енергија при работа: | 15 W |
| Потрошувачка на електрична енергија во подготвеност: | < 1 W |
| Димензии (Ш x В x Д): | 400 x 206 x 100 mm (без држач) |
| Тежина: | 1,7 kg |

# 9 Решавање проблеми

**Предупредување**

- Никогаш не вадете го куќиштето на овој уред.

За гаранцијата да биде важечка, никогаш не обидувајте се да го поправате системот самите. Ако се соочувате со проблеми кога го користите овој производ, проверете ги следниве ставки пред барањето сервис. Ако проблемот остане нерешен, одете на веб-локацијата на Philips (www.philips.com/support). Кога ќе го контактирате Philips, уверете се дека уредот е во близина и дека се достапни бројот на модел и серискиот број.

## Нема напојување

- Уверете се дека кабелот за наизменично електрично напојување на уредот е правилно поврзан.
- Уверете се дека има електрична енергија во приклучницата за електрично напојување.
- Како карактеристика за заштеда на електрична енергија, системот автоматски се исклучува 15 минути откако репродуцирањето на нумерата ќе дојде до крајот и не се извршува друга операција.

## Нема звук

- Прилагодете ја јачината на звук

## Нема одговор од единицата

- Исклучете го и повторно приклучете го приклучокот за наизменично електрично напојување, па повторно вклучете ја единицата.
- Како карактеристика за заштеда на електрична енергија, системот автоматски се исклучува 15 минути откако репродуцирањето на нумерата ќе дојде до крајот и не се извршува друга операција.

## Далечинскиот управувач не работи

- Пред да притиснете кое било копче за функција, прво изберете го точниот извор со далечинскиот управувач наместо со главната единица.
- Намалете го растојанието помеѓу далечинскиот управувач и единицата.
- Ставете ја батеријата со нејзините краеви (+/- ознаки) порамнети како што е прикажано.
- Заменете ја батеријата.
- Насочете го далечинскиот управувач директно кон сензорот на предниот дел на уредот.

## Слаб радио прием

- Зголемете го растојанието помеѓу единицата и вашиот ТВ или други извори на зрачење.
- Целосно извлечете ја радиоантената.
- Може да купите заменски кабел за антена со приклучок во L-форма на едниот крај, како што е прикажано подолу.
- Поврзете го приклучокот во L-форма на производот и ставете го приклучокот на другиот крај во вашиот ѕиден приклучок.



## Репродукцијата на музика е недостапна на оваа единица дури и по успешно Bluetooth поврзување

- Уредот не може да се користи за безжично да репродуцира музика преку оваа единица.

## Аудио квалитетот е слаб по поврзувањето со уред со овозможен Bluetooth.

- Bluetooth приемот е слаб. Приближете го уредот поблиску до единицата или отстранете какви било пречки помеѓу нив. Bluetooth не може да се поврзе со оваа единица.
- Уредот не ги поддржува профилите потребни за единицата.
- Функцијата Bluetooth на уредот не е овозможена. Погледнете го корисничкото упатство за уредот да дознаете како да ја овозможите функцијата.
- Оваа единица не е во режим на спарување.
- Оваа единица веќе е поврзана со друг уред со овозможен Bluetooth. Исклучете го уредот и потоа обидете се повторно.

## Спарениот мобилен уред постојано се поврзува и исклучува.

- Bluetooth приемот е слаб. Приближете го уредот поблиску до единицата или отстранете какви било пречки помеѓу нив.
- Некои мобилни телефони може постојано да се поврзуваат и исклучуваат кога воспоставувате или завршувате повици. Ова не укажува на никаква неисправност на единицата.
- За некои уреди, Bluetooth поврзувањето може да се деактивира автоматски како карактеристика за заштеда на енергија.
- Ова не укажува на никаква неисправност на единицата.

## Тајмерот не функционира

- Правилно поставете го часовникот.
- Вклучете го тајмерот. Поставката часовник/тајмер е избришана
- Прекинато е напојувањето или е исклучен електричниот кабел.
- Ресетирајте го часовникот/тајмерот.

## Поставката часовник/тајмер е избришана

- Прекинато е напојувањето или е исклучен електричниот кабел.
- Ресетирајте го часовникот/тајмерот.

## Како да се задржи вклучен или исклучен екран на часовник во подготвеност?

- Во подготвеност, притиснете и задржете ⏻ да префрлате помеѓу вклучен и исклучен екран на часовник.

2019 © Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани трговски марки на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited. или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.

TAM2505_10_UM_V1.0